ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-34/4**
**02.10.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија и донесената Програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Втора јавна презентација и јавна анкета за**
**Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3),**
**општина Гевгелија**

Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија се:

- на југо-исток по регулациона линија кон „Булевар Гевгелија";
- на северо-исток по осовина на улица „Новопланирана 6";
- на југо-запад по регулациона линија кон железничка пруга;
- на северо-запад по југо-источна граница на дел од Блок 11 (11.1);

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **10,64 ха**.

**Втората јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден 09.10.2023 година (понеделник) со почеток во 11.00 часот.**

Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.3), општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Втората јавна анкета ке трае 5 работни дена и тоа од 09.10.2023г. до 16.10.2023г., секој работен ден од 08 до 16 часот.

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку електронскиот систем е-урбанизам.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk